РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Примено: 09.09.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1054/1 | | |

**До: Сектор за урбанизам при општината**

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted] телефон: [redacted]; [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted] Претседател на здружението, [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Листа на правни лица/агенции со кои општината има потпишано договор за користење простор за поставување билборди/ситилајти/мегаборд за рекламирање
2. Сите позиции одредени за билборди на општината (локација, адреса, GPS координати, опис, кому е доделена позицијата/правно лице/агенција)
3. Тип на билборди на територија на општината (бигборд, ситилајт, мегаборд (вклучително и уникатни шифри/кодови)
4. Вкупно доделени позиции/локации на маркетинг агенциите
5. Договорите кои се склучени со правните лица/агенциите

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **(г) електронски запис**
- д) друго ____________________________________

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **(г) е-маил**
- д) друго ____________________________________

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во [redacted] 08/09/2025_ година**

**Потпис**

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-1054/2
19.09.2025 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Градоначалникот на Општина Валандово, постапувајќи по барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] заведено под број 10-1054/1 од 09.09.2025 година, врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), член 50 став 1 точка 11 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002), член 36 став 1 алинеја 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за усвојување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] заведено под број 10-1054/1 од 09.09.2025 година.

2. Информацијата од јавен карактер која се бара, Општина Валандово како имател, ќе ја даде преку овластеното службено лице за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации, во законски утврдениот рок и во бараната форма, освен ако информацијата веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна на јавноста.

**Образложение**

Постапувајќи по барањето, Градоначалникот на Општина Валандово, во согласност со одредбата од член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, утврди дека Општина Валандово е имател на информацијата од јавен карактер која се бара, па одлучи како во диспозитивот на Решението.

Поради причини од член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена.

**Градоначалник**
**на Општина Валандово**
Перо Костадинов
[redacted]

Изработил: Стефан Димитров [redacted]
Контролирал: Владимир Лазов[redacted]
Одобрил: Соња Христова Јовановиќ [redacted]

Општина Валандово
Република Северна Македонија

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-1054/3
19.09.2025 год.
Валандово

**До**

[redacted]

**Предмет:** Одговор на Барање согласно ЗСПИЈК

Почитувани,

Во врска со Ваше барање согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер пристигнато на 08.09.2025 година заведено под архивски број 10-1054/1 од Општина Валандово, Ви ги доставуваме следните податоци:

Општина Валандово има издадено 3 важечки одобренија за поставување на рекламен материјал и тоа:

- КАМ ДОО Скопје за поставување на рекламно пано билборд;
- ЖИТО ДООЕЛ Велес за поставување на несветлечки рекламни паноа – патокази на електрични столбови и
- КАМ ДОО Скопје за поставување на несветлечки рекламни и информативни паноа на електрични столбови.

Во прилог Ви праќаме копии од одобренијата со сите детали.

Со почит,

Општина Валандово
Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер
Владимир Лазов
[redacted]

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Општина ВАЛАНДОВО**
**Бр. УП 1.12-2**
**22.03.2017 год.**
**ВАЛАНДОВО**

Градоначалникот на општина Валандово, решавајќи по барањето на КАМ ДОО од Скопје, поднесено под број УП 1. 12-2 од 22.03.2017 година, за поставување на урбана опрема рекламно пано билборд, врз основа на Одлука на Советот на општина Валандово број 08-99/7, од 28.12.2017 за утврдена потреба за поставување на урбана опрема и врз основа на член 80 од Законот за градење ("Службен весник на РМ", бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15 и 31/16), го издава следното

# ОDОБРЕНИЕ

За поставување на урбана опрема

На барателот КАМ ДОО од Скопје му се одобрува поставување на урбана опрема рекламно пано билборд, на ул. Првомајска бр. __ во ________ (или КП бр. 3268, КО Валандово, во м.в. Валандово), за време од 9 (девет) месеци, односно до 31.12.2017 година.

Барателот е должен да ја постави урбаната опрема веднаш по правосилноста на ова одобрение, под следните услови и начин: поставувањето на урбаната опрема не смее да го попречува нормалното одвивање на сообраќајот, поставувањето на урбаната опрема не смее да го загрози животот и здравјето на лугето и околината, поставувањето на урбаната опрема не смее да го загрози функционирањето на изградената подзмна и надземна инфраструктура.

По истекот на рокот за поставување на урбаната опрема да се отстрани, под следните услови и начин: Урбаната опрема се отстранува во период од најмногу 15 дена по истекувањето на рокот за поставување. При отстранувањето, барателот е должен да го врати теренот во првобитната положба.

*О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е*

Барателот КАМ ДОО од Скопје поднесе барање бр. УП 1. 12-2 од 22.03.2017 година, за поставување на урбана опрема рекламно пано билборд, на ул. Првомајска бр. ___ во ___________ (или КП бр. 3268, КО Валандово, во м.в. Валандово), за време од 9 (девет) месеци, односно до 31.12.2017 година.

Со барањето барателот ја приложи следната документација и докази:

1. Геодетски елаборат за КП 3268 КО Валандово изработен од Гео-Сигнал ДООЕЛ Валандово со број 01-322/3 од 04.08.2016 година.;

Врз основа на горе изнесеното, Градоначалникот на Општина Валандово, одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.

УПАТСТВО НА ПРАВНО СРЕДСТВО

Против ова одобрение барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа за уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 денари административни такси.

Таксата по тарифен број 93 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни такси (“Сл.Весник на РМ” бр. 84/2012), во износ од 1050 денари е наплатена и приложена со барањето.

Доставено до:

-Инвеститорот (2),

-Овластена градежна инспекција на Општината,

-Архива

Општина Валандово [redacted]

Градоначалник

[redacted]

**Николче Чурлиновски**

[redacted]

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Општина ВАЛАНДОВО**
**Бр. УП 1.12-39**
**20.12.2019 год.**
**ВАЛАНДОВО**

Градоначалникот на општина Валандово, решавајќи по барањето на ДПТУ Жито ДООЕЛ Велес од Велес, поднесено под број УП 1. 12-39 од 20.12.2019 година, за поставување на урбана опрема рекламно пано патоказ, врз основа на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Валандово за 2019 година донесена од Советот на општина Валандово со број 08-190/10, од 27.12.2018 за утврдена потреба за поставување на урбана опрема и врз основа на член 80 од Законот за градење ("Службен весник на РМ", бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/1635/18 и 64/18), го издава следното:

# ОДОБРЕНИЕ

За поставување на урбана опрема

На барателот Жито ДООЕЛ Велес од Велес му се одобрува поставување на урбана опрема несветлечки рекламни паноа патокази поставени на електрични столбови сопственост на Општина Валандово со димензии 90/60 цм. Патоказите да бидат поставени на електричните столбови означени со броеви 43, 568 и на првиот столб во зелениот појас на Булевар Првомајска после крстосницата со улица Никола Карев.

Барателот е должен да ја постави урбаната опрема веднаш по правосилноста на ова одобрение, под следните услови и начин: поставувањето на урбаната опрема не смее да го попречува нормалното одвивање на сообраќајот, поставувањето на урбаната опрема не смее да го загрози животот и здравјето на лугето и околината, поставувањето на урбаната опрема не смее да го загрози функционирањето на изградената подзмна и надземна инфраструктура.

Урбаната опрема од точка 1 се поставува на неопределено време. Општина Валандово има право да побара отстранување на урбаната опрема по истекот на една година од издавањето на ова одобрение, а барателот е должен да ја отстрани урбаната опрема во рок од 15 дена од приемот на барањето од Општината.

## *О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е*

Барателот Жито ДООЕЛ Велес од Велес поднесе барање бр. УП 1. 12-39 од 16.12.2019 година, за поставување на урбана опрема несветлечки рекламни паноа патокази поставени на електрични столбови сопственост на Општина Валандово со димензии 90/60 цм. Патоказите да бидат поставени на електричните столбови означени со броеви 43, 568 и на првиот столб во зелениот појас на Булевар Првомајска после крстосницата со улица Никола Карев.

Врз основа на горе изнесеното, Градоначалникот на Општина Валандово, одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.

УПАТСТВО НА ПРАВНО СРЕДСТВО

Против ова одобрение барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа за уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 денари административни такси.

Таксата по тарифен број 93 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни такси (“Сл.Весник на РМ” бр. 84/2012), во износ од 1050 денари е наплатена и приложена со барањето.

Доставено до:
- Инвеститорот (2),
- Архива

Службеник
Илија Матеев [redacted]

Одобрил:
Боро Киров

Општина Валандово
[redacted] Градоначалник
Перо Костадинов [redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 12-815/3
17.09.2024 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Градоначалникот на општина Валандово, решавајќи по барањето на КАМ ДОО Илинден, за поставување на урбана опрема-рекламни и информативни паноа со максимални димензии 1,0x1,0м кои се поставуваат на електрични столбови и канделабри во сопственост на Општина Валандово, врз основа на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Валандово за 2024 година (Службен гласник на Општина Валандово бр 12/23) за утврдена потреба за поставување на урбана опрема и врз основа на член 80 од Законот за градење (Службен весник на РМ", бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20, 279/20, 96/21 и 227/22), го издава следното

# ОДОБРЕНИЕ

За поставување на урбана опрема

На барателот КАМ ДОО Илинден, му се одобрува поставување на урбана опрема несветлечки рекламни и информативни паноа со максимални димензии 1,0x1,0м кои се поставуваат на електрични столбови и канделабри во сопственост на Општина Валандово, на следните локации:

1. На електричен столб број 39 на Булевар Првомајска (КП 3267/1 КО Валандово)
2. На електричен столб број 647 на Булевар Првомајска (КП 3267/1 КО Валандово)
3. На електричен столб број 667 на Булевар Првомајска (КП 3267/2 КО Валандово)

Урбаната опрема од став 1 на овој член се поставува на неопределено време. Општина Валандово го задржува правото за отстранување на урбаната опрема по истекот на 1 (една) година од поставувањето.

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ***

Барателот КАМ ДОО Илинден, поднесе барање за поставување на урбана опрема -рекламни и информативни паноа со максимални димензии 1,0x1,0м кои се поставуваат на електрични столбови и канделабри во сопственост на Општина Валандово.

**Барателот го уплати надоместокот за поставување на натписи и рекламни табли во појасот на локални патишта и улици во износ од 3x10.000=30.000,00 денари.**

**Врз основа на горе изнесеното, Градоначалникот на Општина Валандово, одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.**

**ПРАВНА ПОУКА**

Против ова одобрение барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа за уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 денари административни такси.

Таксата по тарифен број 93 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни такси ("Сл.Весник на РМ" бр. 84/2012), во износ од 1050 денари е наплатена и приложена со барањето.

Доставено до:

-Инвеститорот (2),

-Овластена градежна инспекција на Општината,

-Архива

Изработил: Илија Матеев[redacted]

Одобрил: Ѓоко Аврамски[redacted]

Општина Валандово
[redacted] Градоначалник [redacted]
Перо Костадинов
[redacted]

Примил [redacted]
02.10.2024